Република Македонија
**Општина Охрид**

Сектор за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура

Одделение за култура

Димитар Влахов бр. 57

6000 Охрид
Република Македонија

Тел. (046) 262-492

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа и член 15 член од Статутот на општина Охрид, Комисијата донесена од градоначалникот на Општина Охрид објавува:

**К О Н К У Р С**
**за избор на идејно решение за лого по повод 80 годишнината од ослободувањето на Охрид**

Член 1

Се распишува Конкурс за избор на идејно решение за изработка на заштитен знак (лого) за потребите на кампањата на Општина Охрид по повод *Јубилејот: 80 години од ослободувањето на Охрид*.

Заштитниот знак (логото) како визуелен идентитет треба да го одразува културното и природното наследство на општина Охрид.

Член 2

Заштитниот знак (логото) треба да биде адаптибилно и да ги има следните карактеристики:

- Заштитниот знак (логото) треба да биде прикажано и испечатено на хартија со формат А4;
- Заштитниот знак логото да биде прикажаново 3(три) варијанти: црно бела, црно бела негатив и во боја;
- Заштитниот знак (логото) да биде изработено во моделите на бои RGB, CMYK- со точна техничка спецификација на боите;

Боите пожелно е да соодејствуваат со боите на грбот и знамето на Општина Охрид;

- Заштитниот знак (логото) да биде изработено во векторски формат во: CDR (Corel Draw) и AL(Adobe iliustrator) фајл формат и Adobe photoshop;
- Заштитниот знак (логото) да биде изработено во битмапирана форма во: GIF, JPG, TIF, I PNG фајл формат;

Предложение решенија покрај во горенаведените форми можат да се достават и како примери аплицирани на мокап – модели за постер на настан, рол-банер, фејсбук и инстаграм слика, лајвстрим, видеонастан (телоп/ воден жиг) и други слични форми (по креација на апликантот).

Сектор за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура

Одделение за култура

Димитар Влахов бр. 57

6000 Охрид
Република Македонија

Тел. (046) 262-492

Член 3

Право на учество на Конкурсот имаат младите лица на возраст од 15 до 29 години,жители на општина Охрид.
Секој учесник може да поднесе најмногу три идејни решенија

Заедно со идејното решение потребно е да се приложи и текст со кој ќе биде објаснет концептот за дизајнот на заштитниот знак (логото).

Со поднесувањето на дизајнот, апликантите се согласуваат дека авторските права на победничкиот дизајн се преносуваат на општина Охрид, овозможувајќи и негово користење, изменување и дистрибуирање.

Рок за доставување на решенијата е до 31.05.2024 година.

Комисијата нема да ги разгледува трудовите кои ќе пристигнат по предвидениот рок или не се изработени според условите наведени во конкурсот.

Член 4

Наградниот фонд за најдобрите три идејни решенија изнесува 30.000 денари, и тоа:
*15.000,оо денари за освоено I место;
*10.000,оо денари за освоено II место;
*5.000,оо денари за освоено III место;

Член 5

Предлог – решенијата ќе ги разгледува Комисија формирана од градоначалникот на Општина Охрид.

Член 6

По завршувањето на Конкурсот, избраните автори на решенијата писмено ќе се известат и истите ќе се обврзат да достават изјава за гаранција за оригиналност на идејното решение .

Република Македонија
**Општина Охрид**

Сектор за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура

Одделение за култура

Димитар Влахов бр. 57

6000 Охрид
Република Македонија

Тел. (046) 262-492

Член 7

Комисијата го задржува правото да не избере ниту едно од поднесените пријави.

Комисијата го задржува правото да додели само една награда.

Член 8

Учесниците треба да конкурираат под шифра, во затворен плик.

Во затворениот плик треба да има уште два запечатени плика од кои едниот со ознака: „предлог – решение за изработка на лого“ во кој е содржан трудот, а другиот со ознака: „податоци“ и истиот содржи податоци за индетификација на испраќачот (име, презиме на, копија од извод на родени).

Пријавите да бидат доставени во архивата на Општина Охрид, или со препорачана пратка на следната адреса: ул.„Димитар Влахов“, бр.57, со назнака: *„За Конкурс за избор на идејно решение за изработка на заштитен знак (лого) за потребите на кампањата на Општина Охрид по повод одбележувањето на Јубилејот: 80 години од ослободувањето на Охрид.“*

Член 9

Комисијата за распишување на Конкурсот е одговорна за спроведување на Конкурсот и евалуација на предлозите според критериумите кои ќе ги утврди и ќе важат подеднакво за сите пријавени.

Член 10

Најдоброто идејно решение ќе биде објавено на сајтот на општина Охрид.

За било какви прашања во однос на Конкурсот испратете маил: kultura@ohrid.gov.mk

Изготвил: Весна Јованоска
Одобрил: Александар Китески

**ОПШТИНА ОХРИД**
Градоначалник,
Кирил Пецаков